**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Деведесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 јули 1998 година**

**Скопје, јули 1998 година**

**II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 97 СЕДНИЦА НА СОБРАЕИЕТО**

**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 22.VII. 1998 г,**

1. АБДИ ФАИК - 50, 62
2. БОГДАНОВСКИ ИГНАТИЕ – 40, 57
3. БАЈРАМ АМДИ - 53
4. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ – 59
5. КАРОВ ЗВ0НК0 - 2, 19, 20, 24, 26, 27, 29, 30, 31, 35, 36, 37, 38, 40, 44, 52, 66, 69, 70, 74, 72, 73, 75 ,79, 80
6. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 7, 19, 26, 27, 39, 54, 56, 67, 68, 70, 71, 73, 76, 78, 79
7. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 47, 65
8. НАСТЕВСКИ ДИМЕ – 63
9. ПЕТКОВСКК ТИТО - 1.. (води седн.)
10. РАМАДАНИ САЛИ - 4, 17, 24, 31
11. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 21, 33, 36
12. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 21, 51, 82
13. СИЛЈАНОВСКИ БЛАГОЈА – 46
14. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 74
15. ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА – 52
16. ТАНТАРОВ ВЕЉО – 64
17. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 22, 42, 75, 81

**Дневен ред:**

Т.4-стр.1 – Продолжение - гласање по Превлог зак. за занает Д

Т.26 – стр.2 – Предлог одлука за правилата за рамном. медиум претстав. за избор на прат. во Собранието на РМ

Продолжува седницата не е завршена …

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второта продолжение на Деведесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 јули 1998 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 12,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Драгољуб Поповиќ, Алил Џафероски, Туше Гошев, Атанас Вангелов и Ратка Куљан-Зоографска, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Стасавме до Предлогот на закон за вршење на занаетчиска дејност.

Го заклучив претресот по текстот на Предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има некој воздржан? (Нема).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за вршење на занаетчиска дејност.

Дами и господа пратеници, сакам да Ви предложам една измена во редоследот на разгледувањето на точките на дневен ред.

Имено, од изборниот пакет без кој практично неможеме да одиме на третите по ред избори, ни остана уште еден документ, тоа е Т – 26. Предлог на одлука за правилата за рамноправно медиумско претставување за избор на пратениците во Собранието.

Јас предлагам да поминеме на разгледувањето на оваа точка, па по нејзиното усвојување да одиме на другите точки од дневниот ред.

Дали се согласувате? (Да).

Предлогот го ставам на гласање?

Молам, кој е за, да крене рака? (62 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има некој воздржан? (Нема).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на точка 26 - Предлог на одлука за правилата за рамноправно медиумско претставување за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија во 1998 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор господин Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, како еден од предлагачите на Предлог одлуката би сакал да дадам кратко воведно излагање.

Собранието на Република Македонија има обврска согласно Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија да донесе одлука за рамноправно медиумско претставување. Целта на оваа одлука и нејзината смисла е на организаторите на изборната кампања да им обезбеди правото на рамноправно и подеднакви услови да ги користи сите видови на политичка пропаганда, известување и други облици на пропаганда и на тој начин да создадеме во медиумската сфера реален демократски амбиент кој ќе овозможи фер и слободни избори. Да повторам, оваа обврска и донесувањето на оваа одлука произлегува од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија членот 46 став 2. Со понудената предлог одлука определуваме јавните гласила во Република Македонија да обезбедат подеднакви услови рамноправност во

претставувањето на кандидатите за пратеници на политичките партии на групата избирачи или организаторите на кампањата и на нивните програми. Притоа, правилата да не навлегуваат во уредувачката политика на јавните гласила во однос на методите и начинот на редакциското информирање и следење на изборните активности, а кои треба да се темелат врз принципите на новинарската етика и професионалните критериуми. Со оваа Предлог - одлука, меѓу другото, предвидуваме Јавното претпријатие Македонската радиотелевизија и локалните јавни радио дифузни претпријатија на организаторите на изборната кампања да им овозможат рамноправно и бесплатно претставување на нивните кандидати и програми во однапред определено време и според редослед на претставување според однапред определени критериуми и според програмската политика и шема на куќата.

Исто така, предлагаме јавните гласила каде основач е Собранието на Република Македонија да преземе должност да објавуваат информации за законската регулатива за парламентарните избори, за активностите на учесниците во изборните настапи, за текот на гласањето и за резултатите од изјаснувањето на граѓаните почитувајќи ги критериумите за професионалност и објективност. За локалните радио-дифузни друштва кои ќе се вклучат во информирањето за парламентарните избори да преземат обврска изборниот процес да го следат до неговото завршување.

Со предложената одлука не навлегуваме во строго и целосно нормирање на одредбите во одлуката со намера да создадеме навистина еден амбиент, каде што се надеваме дека со оваа предлог одлука ќе се создадат услови Собранието со нејзиното донесување овозможи и обезбеди на организаторите на изборната кампања, навистина рамноправно и за сите под еднакви услови да им биде овозможено да ги користат сите видови на политичка пропаганда.

И, уште еднаш на тој начин и преку одлуката и преку односот на јавните гласила во целина да се овозможи и создаде амбиент каде што парламентарните избори во 1998 година се одржат во една демократска атмосвера и да се одржат фер и слободни избори. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Сали Рамадани има збор.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска со Предлог на одлука за правилата за наводно рамноправно медиумско претставување за избор на пртеници во Собранието на Република Македонија, веќе се обидува да се заокружува изборната регулатива.

Значи досега донесени се неколку закони и тоа слаби закони, па сега уште една предлог на одлука, исто така слаба. За жал, овој пат предложена од група пратеници и тоа скоро од опозицијата со еден исклучок на еден независен пратеник. Значи, понатаму како што разговараше за сите овие четири години главниот предлагач на стотина закони и други правни акти и понатаму владеачката партија на СДС разговара со себе, па никако да најде некој партнер, па било тоа од коалицијата заедно, туку предлагачите се од СДС, Социјалистичка партија и од опозицијата на ПДП. Не опозицијата туку коалицијата. Сега, посебно за време на минатите парламентарни избори и за време на локалните избори проблемот на претставувањето на кандидатите во мас медиумите воопшто, значи во сите јавни гласила, било електронските или другите и весниците, беше скоро катастрофална и нормално толку под влијание на Владата и владеачката партија, што тоа никаде во светот, тешко е да се најде таков случај. Значи, беше случај во лошата смисла на зборот од свој вид. Примери имаме колку сакаме, меѓутоа освен ова што се направи, овој предлог на одлука дека се заокружува изборната регулатива минатиот пат на оваа седница имавте прилика да гласате за друга одлука, што значи за разрешување и именување на членови на Државната изборна комисија, каде исто така само една забелешка дека има да ви пропадне, затоа што двајца членови, еден член на Државната комисија и еден заменик најверојатно нема да ви дојдат, значи ќе останете без еден член и без еден заменик.

Како што знаете едниот од нив е генералниот секретар на мојата партија ДПА, односно ПДП-А-НДП, затоа што веќе се потпишани, односно изјавени дека се повлекуваат од системот. Значи и градоначалниците и тој како секретар на Советот на општина Тетово, а незнам дали распраша или не, значи неможе штом се повлекува да биде член на државната комисија. Исто така и заменикот кој исто се многу добри како правници и како луѓе, а едниот има и наследено вака од семејно правничко семејство, а другиот е многу добар правник. Меѓутоа, по мое мислење тоа нема да биде така.

За време на изборите минатите парламентарни и локални, како што знаете на многу драстичен начин беа претставени другите партии од опозицијата воопшто македонска и на албанците, а посебно мојата партија, па и јас, било тоа за време на парламентарните избори или на локалните. Со оваа одлука што правиме? Исто една игра и жал ми е што многу лошо е составена. Прво, незнам кој е составителот изгледа спрема стилот дека исти се тие луѓе и стручни служби кои ќе ги предлагаат и другите закони во името на Владата, но како и да е во оваа одлука скоро ништо и нема нешто и правничко, па има толку контрадикции, за кои имам и три амандмани, за жал што се препишува. Значи, не само да е, што се вели во науката, пладијат, туку се краде буквално членот 49 од Законот за избор на пратеници со членот 3 каде не се наведува дека е одземен или дека е веќе префрлен од тој закон во овој предлог. Значи, една друга катастрофа.

По мене, да не должам и така сме сега ограничени и сме при крајот на мандатот денеска е последен ден, мислам дека ова не му служи никому ни на самите предлагачи, за жал овој пат пратеници со или без мандат, го знаете моето мислење туку да се повлекува убаво, а би сакал да се заврши, навистина да се заокружи изборната регулатива од правна гледна точка, па да не кажат да биде за на есен, да биде за половината на август, ниту за една недела, треба да оди на одмор, барем да се даде една добра пауза па во соработка со сите парламентарни групи и пратеници од другите партии, во прв ред со мене како единец кој не сум баш така единец, па се формулира малку на подобар начин, на пофин начин. Навистина, да не врши веќе и понатаму владеачката партија контрола над изборите преку мас медиумите, туку да бидат фер избори како што се наведува, а никако да се остварува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ[!]:**

Молам, кој друг бара збор?

Господин Коцевски има збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, Верувам ќе се согласите. Во моментов расправаме за многу важно и чувствително прашање. Иако, од содржината на Предлог - одлуката и нашиот однос тоа не може да се заклучи, сепак Ве уверувам дека преку ова и сличните на него прашања Советот на Европа, ЕУ и другите меѓународни организации ќе ја оценуваат демократијата во Македонија. Напредувала ли таа во развојот на демократските процеси со обезбедување на потполна независност на медиумите што е суштина за функционирање на демократското општество и за обезбедување на легитимност на поредокот или не?

Тие оценки ќе бидат многу поважни за нашата земја од многуте дадени ветувања и декларативни залагања. Демократскиот свет посебно ја нагласува важноста на почитувањето на независноста на јавните медиуми особено од Владата, заради што се донесени повеќе резолуции и препораки од Обединетите нации, Европската унија и други институции.

Притоа, посебно се нагласува обврската на јавните радио-дифузни системи, бидејќи тие имаат огромно влијание врз креирањето на јавното мислење и тоа да ги презентираат постоечките факти и настани, да го поттикнуваат слободното информирање и мислење, да обезбедат независност на национално ниво, изразување на разновидност на идеи и размислувања, обезбедување на строго почитување на правилата, развивање на принципите на независност на ЈРС - предизвик што произлегува од политичките, економските и технолошките промени во Европа.

Оценките во Советот на Европа за Македонија беа мошне неповолни уште при приемот во таа организација. Поради тоа ни беше препорачано да напредуваме во оваа област поради големото заостанување. Советот на министрите на Европската унија во Извештајот за РМ во почетокот на оваа година констатира:

"Уставот гарантира слобода на изразување, но ситуацијата со медиумите останува предмет на загриженост. Државно финансираното издавачко претпријатие кое доминира со печатениот медиум има широка контрола врз печатниците и дистрибутивната мрежа."

Во врска со електронските медиуми, Владата сеуште има контрола врз националната радио и ТВ додека Законот за радиодифузија сеуште не се спроведува

целосно.

НДИ во својата експертиза за Законот за избор на пратеници во делот за медиумите ги изнесе следните оценки:

"Иако слободата на изразување кај медиумите е клучна за секоја земја, во земјите без долга традиција на непристрасно медиумско покривање на изборите се советува да се постави една политика за пристап кон медиумите кај изборните комисии или посебно тело за контрола на медиумите. Понатаму, проблемот на фер однос на медиумите, (точност, рамнотежа и непристрасност) во давањето вести е можеби поважно од обезбедување пристап на медиумите за кратки вести што поради од страна на политичките натпреварувачи.

Освен ова се советува да се поттикне набљудувањето на медиумите од страна на изборните органи, политичките натпреварувачи и граѓанските организации за да се помогне да се обезбеди соодветно однесување на медиумите. Треба да се размисли за конкретен механизам за приговори во врска со медиумите. Кога се одбива да се даде време за пристап во медиумите или вестите ги повредуваат правата на еден или повеќе политички кандидати, важно е тие да можат да бараат итна компензација од органот (дали е тоа ДИК, суд или посебно тело за контрола на медиумите) што може да обезбеди експедитивен процес и ефективно решение, како итно повлекување, поправање или одговор од страна на оштетената страна.

Авторите на текстот на одлуката биле хендикепирани поради неколку причини.

1. Заради ограничувањата од Законот за избор на пратеници поради што одлуката не може да биде сеопфатна. Забелешките и предлозите на ЛДП за жал не беа прифатени. Затоа постои опасност оваа одлука формално да се донесе, но да биде практично неупотреблива и неприменлива.

2. Заради ограничувањата во Законот за ЈРДП МРВ, Спротивно на демократските принципи^ Владата и Собранието не ги прифатија предлозите на ЛДП за управувањето со најмоќниот медиум,поради што голема е опасноста врз професионалната работа на вработените во МРТВ посебно врз новинарите да се вршат отворени и силни политички притисоци, со што заради несоодветната заштита на јавниот интерес МРТ ќе стане пристрасен медиум исто како на локалните избори во 1996 година. Тоа искуство е сеуште свежо и многу болно за опозицијата.

3. Заради концепциските промашувања во Законот за радиодифузија поради што Советот за радиодифузија не стана самостојно независно тело, туку советодавно тело на Владата. Советот нема право на самостојно одлучување туку дава предлози на Владата по две клучни прашања: делење на концесиите и распределба на средствата од радиодифузниот надоместок.

Со тоа Владата ги доведе во покорна положба и приватните радио и телевизиски станици, посебно сега пред изборите. Морам да потсетам дека и тогаш нашите предлози не беа прифатени иако потполно беа во согласност со препораките на меѓународните институции.

Со предложените амандмани се обидов да дадам придонес во подобрувањето на Одлуката, затоа што длабоко сум убеден дека таква каква што е не ние ниту потребна, ниту неопходна. Од неа се незадоволни опозиционите партии и приватните радио и телевизиски станици. Ограничувањата за комерцијалните радиодифузери треба да бидат минимални и глобални согласно другите законски прописи. Комерцијалната радио дифузија е бизнис чија цел е максимизиреање на профитот на неговиот сопственик. Затоа секој аспект на програмата е подреден на таа цел. Поради тоа комерцијалните насоки преовладуваат во уредувачката политика при создавањето на програмите и при нивното извршување. И тука нема ништо чудно и необично. Тоа е така во демократскиот свет.

Затоа сметам дека акцентот во Одлуката треба да биде ставен на правилата

за однесување во изборите на јавните медиуми кои во земјите во транзиција се нарекуваат владини медиуми. Под тој термин според меѓународниот центар против цензурата со седиште во Лондон и Париз артикл -19 се подразбираат медиумите кои Владата ги поседува, ракува или контролира, како и канали кои ги управуваат лица назначени од Владата или кои се управувани од одбори во кои мнозинството од членовите ги избира Владата или владеачката партија. Овој центар во своите смерници за емитување на изборни кампањи во демократиите во транзиција успеал на прекрасен начин да препорача решение демократски и прифатливо. Вистинска штета е што предлагачите и авторите на Одлуката смерниците не ги зеле во предвид.

Затоа ќе повторам по којзнае кој пат. Ги правиме истите грешки, учејќи се на своите грешки наместо на туѓите. Сакаме да бидеме уникатни без потреба. Но, се разбира и без успех. Наместо тоа многу поумно е да ги следиме, прифатиме и вградиме препораките. Ќе заштедиме и труд и време, а решенијата ќе бидат современи, демократски, на задоволство на сите учесници во изборите, партиите, медиумите и граѓаните.

Во смерниците се опфатени три вида на изборно емитување.

1. Директни контактни програми вклучувајќи и реклами, во кои политичките партии или кандидати имаат целосна уредничка контрола.

2. Интервјуа, дебати, форум на кандидати, контактни радио емисии, програми за едукација на гласачите и слични форми кои во смерниците се нарекуваат "специјални информативни програми" во кои емитувачот има контрола врз уредувањето, и

3. Покривање со вести, во кои емитувачот има контрола на уредувањето.

Некои од смерниците се обврзувачки и тие задолжително треба да ги прифатиме, бидејќи се засновани на принципите на меѓународните закони за човекови права што произлегуваат од меѓународни договори, вообичаеното право и развојната пракса на земјите. Бидејќи, неусогласувањето со овие смерници според артикал 19 без оглед на различните услуги специфични за одредена земја, водат кон претпоставки за нефер медиумска практика, која може да има штетно влијание врз правичноста на изборниот процес.

Другите смерници што се засноваат на искуствата на демократиите во транзиција, и во веќе воспоставените демократии се претставени како многу препорачливи или препорачливи. Неусогласеноста на националните правила со овие смерници, ги става под знак прашалник правичноста, непристрасноста, одмереноста и информативната содржина на медиумското покривање.

Исто така, се наведува дека според меѓународното право, приватните медиуми немаат еднаква одговорност како владините медиуми. Но, сепак меѓународниот центар против цензурата ги поттикнува приватните медиуми да се придржуваат кон смерниците кои се однесуваат за владините медиуми, како професионална одговорност. Доброволната примена на смерниците ќе ја зајакне праведноста на изборите како на пример одмереното и непристрасно покривање на вестите и дозволувањето директен пристап за емитување врз недискриминаторска основа. Истиот центар ги поттикнува и професионалните здруженија на новинарите и емитувачите да усвојат соодветни смерници и да ги поттикнуваат своите членови да се придржуваат кон нив.

Според смерниците владините медиуми должни се:

1. Да ја информираат јавноста за прашања кои се важни за изборите, вклучително да обезбедат едукација за гласачите.

2. Да бидат одмерени и непристрасни во известувањето за изборите.

3. Да не одбиваат да пренесуваат некоја изборна емисија освен ако тоа претставува јасно и директно поттикнување на насилство или омраза.

4. Да бидат точни, одмерени и непристрасни во вестите и програмите за тековните

работи.

5. На партиите и кандидатите да им одобрат време за емитување на директни контактни програми врз фер и недискриминаторска основа.

Обврските на владите и парламентите се следни:

1. Да ги укинат сите закони кои ја ограничуваат слободата на изразување и се спротивни со меѓународното право и стандарди.

2. Да направат посебни напори да ги испитаат заканите и физичките напади врз персоналот или просториите на медиумите, а одговорните лица да ги доведат пред суд.

3. Да не вршат никаква цензура врз програмите.

4. Да формираат или назначат независно, непристрасно тело за набљудување и регулирање на емитувањето на изборите и

5. Да обезбедат одлуките на ова тело да бидат подложни на судски преглед по брза постапка.

Меѓународниот центар против цензурата исто така силно препорачува:

1. Медиумите да бидат ослободени од правната одговорност од изјави дадени за време на емитување на изборите од страна на кандидати или пордпаролите на партиите.

2. На партиите и кандидатите да им се даде можност да одговорат или да извршат корекција на навредливи изјави или критики насочени против нив.

3. Владините медиуми да емитуваат форуми на кандидатите и програми со интервјуа и

4. Секоја медиумска информација со која се објавуваат резултатите од некоја анкета за јавното мислење или прогноза за изборите треба да содржи и соодветни информации за околностите и значењето на анкетата или прогнозата.

Група пратеници од Либерално-демократската партија ви доставија еден поголем број на амандмани и јас Ве молам најучтиво да ги разгледате, пред се се обраќам кон предлагачите на одлуката, меѓутоа и на сите пратеници, ние ништо не измисливме во овие амандмани, едноставно меѓународните искуства и пракса се обидовме да ги прилагодиме на нашата конкретна ситуација и да ги понудиме за измени и дополнувања на оваа одлука, со цел да донесеме една одлука која би била прифатлива и за политичките партии, кои ќе настапат на изборите и за јавните медиуми и за граѓаните на Република Македонија.

Посебно би било добро да се прифатат деловите каде што се предлага јавните медиуми да имаат обврска да емитуваат програми за едукација на гласачите, имајќи ги предвид и искуствата од претходните избори заради големиот број неважечки ливчиња. Заради тоа би требало државната изборна комисија да се заложи да распише оглас за изработка на таква програма или спот.

Потоа, заради отстранување на опасноста уредувачките мислења или коментари да се сфатат како вести јавните медиуми по правило да не емитуваат уреднички мислења во време на изборната кампања. Медиумите да се ослободат од правната одговорност за незаконски изјави дадени од страна на партиите и претставниците на политичките партии, туку тие што ги дале изјавите да одговараат за тоа.

На кандидатите или партиите на кои им е нанесена штета да им се даде можност за компензација да одговорат на тоа што им е нанесено како штета. Меѓутоа, по конкретните амандмани кога ќе дојдат на дневен ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандмани за бришење на член 2, член 12 за бришење на став 2, за бришење на член 13 и на член 18 за бришење на став 2 со кој се согласил претставникот на предлагачите и тие се составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе амандмани за бришење на член 3, член 4, став

1, член 5 и член 6 и на член 13 по кои предлагачите не се произнеле.

Пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска, Илија Каров, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Владимир Станковски и Зоран Шапуриќ поднесоа амандмани за менување на член 3, за додавање нов член 3-а за додавање нови членови 4-а, 4-б, 4-г, 4-д, 4-ѓ, 4-е, 4-ж, 4-з, 4-и, 4-ј и 4-к за бришење на член 5, за бришење на член 7, за бришење на член 13 за додавање нови членови 17-а, 17-б, 17-г, 17-в, 17-д, по кои предлагачите не се произнеле.

Пратеникот Зоран Шапуриќ, поднесе амандмани на член 9, за додавање нов став 2, по ставот 1 и на член 12, за додавање нов став 3, по ставот 2 по кој предлагачите не се произнеле.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандман на член 9 за додавање на нов став 2 по ставот 1, по кој предлагачите не се произнеле.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 3, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Молам, претставник на предлагачите да се произнесе.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ако не се прифаќа мојот амандман на член 3, тоа значи погрешно стои во законот кој е донесен пред оваа одлука затоа што ...

Во законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија Службен весник број 24 од 28 мај 1998 година, во членот 49 дословно стои "Јавните гласила чиј основач е Собранието во соработка со ДИК" имаат обврска да ги информираат граѓаните за начинот и техниката на гласањето".

Така пишува во законот кој беше донесен во овој законодавен дом.

Па, нека не се прифаќа амандманот, бидејќи јас барам да се брише членот 3 на оваа Предлог одлука каде пишува "Јавните гласила чиј основач е Собранието...", само се додава "на Република Македонија", во соработка со Државната изборна комисија имаат обврска да ги информираат граѓаните за начинот и техниката на гласањето.

Реков за време на моето излагање дека не само што е плагијат, јас незнам дали вие македонците имате друг збор, но за овој случај кога од еден закон без да се наведе,па во предлог одлука се препишува од а до ш, незнам дали имате друг збор, ако имате кажете ми, затоа што на албански постои збор.... кражба, тоа е чиста кражба, но не е прва на предлагачите. немојте да гласате, тоа е ваша работа. Значи, се што се трансформира треба да се наведе дека се препишува тој член. Човек да не работи студиозно нема да забележи. Законот донесен во мај месец и се исто е. Тоа веќе нема смисла. Еднаш е донесен тој закон. Во тој член 49 веќе е наведено, па што има врска да се трансформира повторно. Но, ако се прави тоа да се надоврзува, иако на вештачки начин тогаш молам таксативно да се наведе, да се каже, да се цитира дека тој член е пренесен во оваа предлог одлука.

Па, ако грешат предлагачите грешете и вие, тоа е ваша работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? /1 пратеник/.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3 поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска Илија Каров, Аце Коцевски,

Слободан Најдовски, Владимир Станковски и Зоран Шапуриќ.

Молам претставникот на предлагачите да се произнесат.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Навистина ми е неразбирливо како тоа предлагачите на одлуката многу лесно и едноставно велат "не се прифаќа" без да дадат ниедно образложение. Веројатно овде не поминуваат веќе никакви факти и аргументи. Тоа што пред малку го зборував не го измислив јас, туку тоа се ставови од меѓународни релевантни институции кои се занимаваат со оваа проблематика, меѓутоа, заради јавноста ќе ја прочитам содржината на амандманот.

Амандманот гласи: "Јавните медиуми имаат обврска да емитуваат програми за едукација на гласачите. Програмите мора да бидат прецизни и непристрасни и треба ефикасно да ги информираат гласачите за процесот на гласање, вклучувајќи и како кога и каде ќе се гласа.

Регистрирањето за гласање и верификацијата на соодветното регистрирање, тајноста на гласањето, важноста на гласањето и функциите за кои се гласа и друго. Програмите треба да бидат ослободени и на јазиците на националностите и емитувани и во блокот емисии на јазиците на националностите".

За да не излегувам повторно, следниот амандман се надоврзува на овој, бидејќи дава конкретна обврска државната изборна комисија се задолжува да распише оглас за изработка на програма за едукација на гласачите и да ја понуди на медиумите најдоцна до почетокот на изборната кампања.

Исто така, би сакал да потсетам дека пред 15-тина дена во Охрид имаше еден семинар организиран од фондацијата Сорос, на кој беа поканети претставници на политичките партии и на многу јавни радиодифузни претпријатија, државни и локални од Република Македонија и на приватни радиодифузни претпријатија. Таму се донесени соодветни заклучоци кои ви се дистрибуирани. Еден од заклучоците кои се содржани во препораките, кои се доставени до претседателот на Собранието на Република Македонија токму се во оваа смисла јавните медиуми да имаат обврска да емитуваат спотови или програми со кои ќе вршат едукација кај граѓаните како се врши гласањето, пред се заради неспорниот факт дека на минатите локални избори и на претходните парламентарни избори имаше премногу неважечки гласачки ливчиња.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитувани колеги пратеници ние се определивме членот 3 да остане таков каков што е, кој што предвидува. Јавните гласила, чиј основач е Собранието на Република Македонија во соработка со Државната изборна комисија да имаат обврска да ги информираат граѓаните за начинот и техниката на гласањето.

Имајќи во предвид дека станува збор во изминатите неколку години за одржани парламентарни и локални избори сметаме дека нема потреба да се создаде обврска со дополнување на овој член за посебни програми и распишуваше на оглас за изработка на програми за едукација на граѓаните, затоа што сметаме дека обврската за навремено информирање на граѓаните за начинот и техниката на гласање ќе се создадат услови тие да бидат навреме информирани како ќе се гласа и за начинот и за техниката. За некои посебни програми дури мислиме дека ќе нема доволно време ДИК да прави оглас, па потоа по тој оглас да изработуваат програми итн.

Од тие причини овие два амандмана не ги прифаќаме.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, сметам дека овој амандман навистина е

несфатливо зошто предлагачите не го прифаќаат, бидејќи само придонесува членот 3 да добие во својот квалитет, односно придонесува со одредени едукациони програми да се помогне на избирачите пред се во начинот на гласањето, бидејќи сепак иако имавме ние локални избори каде што имавме и мнозински и пропорционален принцип на гласање според изборниот закон, сепак, постои голем број од населението на кои не им е јасен сеуште тој систем.

Второ, имаме избирачки легитимации каде што стои адресата, местото и бројот на избирачкото место каде што треба да гласаат избирачите. Така што после низа нови моменти кои со една ваква едукација и те како би се олеснило и на некој начин би се мотивирало гласачкото тело да дојде да гласа и да ја изврши својата граѓанска обврска. Сметам дека едукацијата не е непозната и во Европа, па дури и во по цивилизирани, по развиени земји, каде што исто така се користат медиумите со една едукациона програма за појасно и поцелисходно и по квалитетно да се објасни начинот на гласањето на гласачите, односно на тој начин пак ќе кажам се мотивираат да излезат да го дадат својот глас.

Затоа сметам дека треба да се прифати амандманот.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас само ќе ги надополнам моите колеги од ЛДП кои се залагаат за овој амандман. Амандманот ќе го поткрепам, бидејќи беше доволно речено со тоа дека ние за прв пат имаме избори кои се мнозински и да кажам комбинирани. Такви искуства сеуште немаме и мислам дека како што рече г-динот Соколовски секој пат и во високо развиени демократ ски земји постојат популарни да кажам спотови или било каков материјал на кој начин се едуцира населението да ја запази процедурата при гласањето. Со ова јас мислам ние придонесуваме и повеќе изборите да бидат одраз на вистинската желба и желба на граѓаните. Значи ќе го намалиме степенот на грешката, бидејќи ќе имаме повисок степен на едукација на населението. Јас воопшто не сакам да потценам никого во оваа држава како гласач, меѓутоа мислам дека на нашите граѓани им е потребна дополнителна едукација преку медиумите кои ќе бидат на некој начин изработени многу стручно. Така што да го избегнеме степенот на грешка, да го намалиме на минимум и со тоа изборите да бидат одраз на вистинските желби на граѓаните.

И во вториот дел значи се враќам назад во амандманот следниот кој следи се посочува дека Државната комисија на некој начин треба да го распише огласот за ова претставување кое треба да биде.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Имајќи го предвид лошото искуство од 1996 година за време на локалните избори, каде што беше ветено од страна на Државната изборна комисија дека ќе бидат емитувани спотови, кои што многу често ќе ги информираат граѓаните за начинот и техниката за гласање. Сметам дека оваа одредба во Предлог одлуката е многу општа, многу штура и амандманот претставува едно прецизирање.

Оттаму сметам дека треба да се прифати во одлуката начинот на гласањето, граѓаните да бидат информирани, како, каде и кога ќе гласаат, како ќе се врши верификација на соодветното регистрирање, околу тајноста на гласањето, важноста на гласањето и т.н. Имајќи ги предвид овие искуства навистина е неопходно да се прецизира една ваква одредба. Исто така, по мое длабоко уверуваше одредбата не покажува на кој начин и колку често, односно колкава фрекфенција на овие спотови ќе биде. Бидејќи имавме примери во минатото тие да бидат еднаш, двапати дневно, обично во одредени термини каде што кога е гледаноста на програмата многу помала.

Мислам дека, овој амандман прави еден чекор понатаму да се прецизира оваа обврска. Инаку оваа обврска е само декларативна и без прифаќање, односно без нејзиното прецизирање таа е една, можам слободно да кажам општа, неприменлива норма која може секако да се толкува, која создава можност тие спотови да бидат емитувани во

било кое време, во било кој период, нема обврска, дали е тоа 15 дена, 20 дена нон-стоп пред изборите и т.н. мислам дека, навистина одлуката ќе биде многу осиромашена доколку не се предвиди овој амандман.

Има и слични амандмани кои се поднесени во ова функција, во функција на прецизирање на овој член и оттаму сметам дека навистина би било неопходно да се подржи овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам петресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Колку пратеници има присутни во салата?

50 пратеници се присутни во салата, значи немаме кворум.

Туку што почнавме, незнам каде е проблемот?

80 пратеници се влезени во зградата.

62 пратеника се присутни во салата.

Амандманот повторно го ставам на гласање.

Кој е за» молам да крене рака? (19).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-а, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Владимир Станковски, Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска и Илија Каров.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот го повлекуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекуваат предлагачите амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1, член 5 и член 6 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Овој пат не се одлучив за некое амандманско интервенирање оригинерно, сопствено, мое, затоа што се знае каков ќе биде епилогот на овие амандмани, туку се одлучив за едно понатамошно самоубиство, со и без наводници на предлагачите и тоа на многу лесен начин. Наместо повеќе амандмани, значи ги собрав во еден амандман членовите 3, 4, 5 и 6 и тоа насекаде каде во законот за избор на пратеници и повторно потенцирам каде пишува: "Јавните гласила" и т.н. во член 46, па во член 48 "јавните гласила", во член 49 "јавните гласила". Барам да се измени тоа што овде даваат предлагачите што е слабо и технички и правно поставено. Само на еден дел од тие јавни гласила, тоа е на електронските мас-медии и насекаде пишува "Јавното претпријатие Македонска радио телевизија", па "Македонска радио телевизија" па "Трговско радио друштво" и т.н., "јавните гласила", место локалните радио дифузни друштва. Значи ништо друго освен тоа што е веќе донесено еднаш во Законот за избор на пратеници. Барам да се исправи тоа и ништо повеќе. Значи да не се ограничува, туку сите овие работи да се внесат под јавните гласила, а не под разните, т.е. влегуваат и другите јавни гласила кои не се тука присутни. Значи ништо повеќе туку тоа што е речено досега. Место овие зборови значи "јавно претпријатие, Телевизија, трговско друштво, државна и локална радио станица, барам тоа да се наведе со едно име заедничко, како што е веќе прифатено еднаш под јавни гласила.

И тоа е Ваша работа дали ќе го прифатите. Еднаш за истово сте гласале, па сега да не беше мој амандманот, сигурно би се прифатил, туку априори се гласа како што се гласа редовно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нови членови 4-а, 4-б, 4-в, 4-г, 4-д, 4-ѓ, 4-е, 4-ж, 4-з, 4-и, 4-ј и 4-к, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Владимир Станковски, Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска и Илија Каров.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот не се прифаќа од следните причини.

Покривањето на вестите на секое јавно гласило е јавен интерес на Република Македонија и тоа не е сразмерно со моќта на партиите.

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Деловничка интервенција за г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Јас би замолил ако може, бидејќи така како што Вие прочитавте може да се сфати дека ќе се гледа како целина амандманот и одеднаш ќе се гледаат сите овие, јас би замолил ако може дел по дел. Барањето е секој од овие, бидејќи така е ставено, можеби е техничка грешка во куцањето, меѓутоа да не се гледа како еден амандман, затоа што овој амандман содржи посебни членови, некаде 12, 13 колку има. Би замолил ако може да го гледаме дел по дел, односно 4-а прво, па 4-6, 4-в.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот не се прифаќа и се изјаснивме за членот 4-а.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас читам што е овде напишано во Вашиот амандман до Собранието стои: Амандман 2 имате на член 3, член 3-а со следната содржина. Амандман 3 со следната содржина, па ги имате поместено сите овие работи што ги прочитав.

Значи, тоа е Ваш предлог, а јас не сум направил нов редослед. Според тоа, расправаме за амандманот, но со сите членови во целина. Еве, Вашиот предлог е таков. Вие сега барате да се корегира. Па тоа се нови амандмани. Логично е да биде еден амандман, бидејќи се врши целосна измена на еден дел од предлогот на правилата.

Јас молам предлагачот да се произнесе по амандманот во целина. Не само на член 4-а, туку за амандманот во целина.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Имајќи предвид дека членот 4 во Предлог одлуката останува таков каков што е, а по по одделно, бидејќи станува збор за цел амандман, дел од нив се прифаќаат, дел не.

Во целина амандманот не се прифаќа.

Доколку во меѓувреме подготвите посебни амандмани, тогаш во расправата ќе видиме.

Значи амандманот ваков каков што е даден во целина, не се прифаќа.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Колку што го разбрав претставникот на предлагачите дел од амандманите кои се содржани во овој амандман се прифатливи за предлагачот. Доколку има добра волја и

разбирање кај претседателот на Собранието јас мислам дека не е никаков проблем, ниту прекршок ако одиме дел по дел. Се тоа би било во интерес да донесеме што подобра и по квалитетна одлука за рамноправно медиумско претставување. Содржината на овие амандмани е така хронолошки направена, затоа што јас лично сметав дека би им било местото после четвртиот член. Меѓутоа, тие еден со друг не се меѓусебно поврзани. Значи некој може да биде прифатен, некој не може да биде прифатен.

Заради тоа, би молел во спротивно барам пауза и не би сакале ние да Ви правиме кворум доколку се однесувате на ваков начин и не прифаќате ни некои размислувања и ставови кои одат кон подобрување на текстот на одлуката.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Коцевски, Вие сакате Вашата вина мене да ми ја префрлите. Вие сте можеле да си предложите одвоено амандмани за сите овие членови. Вие тоа го предлагате со еден амандман.

Јас предлагам едно порационално решение, ако може во името на предлагачите г-динот Каров да каже кои амандмани ги прифаќа, односно кои делови од овој амандман ги прифаќа за да можеме после тоа да расправаме. Дали се согласувате?

Предлагам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,35 часот).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Предлагам додека не ви се поделат амандманите на група пратеници од Пратеничката група на ЛДП, да продолжиме со другите амандмани, па во меѓувреме кога ќе се поделат ќе продолжиме по нив.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5 поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска, Илија Каров, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Владимир Станковски и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 7 поднесен до пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска, Илија Каров, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Владимир Станковски и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (16).

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 13, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска, Илија Каров, Аце Коцевски, Слободан Најдоски, Владимир Станковски и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Овој амандман мислам дека Комисијата за внатрешна политика го прифати, беше составен дел на текстот на Предлог - одлуката. Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 13, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Уште една катастрофа за предлагачите и за владеачката партија.

Институтот отворено општество, посебно седниците на тркалезната маса, електронските медиуми и изборите во своите забелешки со кои скоро во целина се согласувам, ги поддржувам, затоа што се многу аналитички, научно критички и објективни.

Токму во точка 2 и тоа верувале или не ги прочитав после откако ги напишав и доставив амандманите мои, значи коинцидентно се согласуваме делумно ако не и потполно, велат вака:

Предлагаме со Предлог - одлуката за правилата на рамноправно медиумско претставување да не се ограничува времетраењето на изборниот, партиски, промотивен материјал, односно да се исфрли член 13 од Предлог - одлуката.

Јас се предомислив, исто така, да барам како за членот 3 бришење на овој член. Меѓутоа, знаејќи каков ќе биде епилогот, дека априори ќе се одбие па се одлучив малку да го ублажам, па во членот 13, многу е краток тој еден став, вели: една изборна реклама, спот, оглас или соопштение не може да трае подолго од една ипол минута. Јас значи се одлучив да се брише само дел од овој став, значи да се брише "трае подолго од една ипол минута" па со амандманот додадов да не се ограничува колку ќе трае.

Бидејќи Комисијата има поднесено амандман кој е прифатен, значи сега веќе во правото постои јурис нувиус, значи ничие право, никакво право. Значи овој член сам по себе не постои и тоа уште подобро мене ми одговара, значи да не постои, да се брише и бидејќи е избришан, па претставникот на предлагачите требаше да го прифати. Бидејќи е прифатен веќе, го прифаќам и овој. За мене и де факто и де јуре како и околу 10 амандмани досега, било тоа да се повеќе од техничка природа, било тоа преку комисиите,

прифатени. Меѓутоа, бидејќи не постои веќе тој член, не останувам како и повеќе пати досега до крајот да гласаме, бидејќи нема потреба и да се гласа. Јас претпоставувам и го сваќам како да е прифатен, а прифатен е и де факто и де јуре, затоа сум согласен и мора овој мој амандман,прифатен, но се повлекува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи амандманот го повлекувате.

Во меѓувреме пратениците Владимир Соколовски, Владимир Станковски, Димитар Трпеновски и Наум Симјановски поднесоа амандман за менување на член 1, за бришење на член 2, за менување на член 3 и член 4, за бришење на став 2, за менување на член 5 и на членовите 16 став 1, 17 став 1 и 18 став 1, по кои предлагачите не се произнеле.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Владимир Станковски, Димитар Трпеновски и Наум Симјановски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Овој амандман не се прифаќа.

Сметаме дека текстот на членот 1 одговара и на законот за избор на пратеници.

Значи амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Владимир Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги.

Целта  на амандманот беше да се подбори текстот на членот 1, од аспект што во него, би рекол децидно и облигаторно се дава до знаење што треба да направат јавните гласила кои се формирани веројатно од Собранието, или се мисли пошироко, но никаде не се спомнати трговско радиодифузните куќи, каде што јасно и облигаторно тие да направат односно што е целта на оваа одлука.

Јас во овој случај морам да кажам дека и покрај тоа што во членот 46 став 2 од Законот за избор на пратеници, јасно стои дека Собранието мора да донесе одлука за рамноправно медиумско претставуваше во текот на изборите, сметам дека воопшто целата одлука и начинот на презентирање на оваа одлука од аспект на обврски должности итн. спрема медиумите, значи и рушење на еден демократски систем на информирање. Со други зборови ние вршиме угушување на еден процес на отворање на медиумите на слободно, независно и професионално информирање. Многу подобро ќе беше еден акт да се донесеше, можеби, од аспект на една резолуција на ова собрание каде што ќе се дадеше простор на медиумите да не бидат обврзани, посебно на уредувачките колегиуми да се однесуваат спрема некакви одлуки што Собранието ќе ги наложи како треба да се однесуваат за време на изборите. Сметам дека таквите одлуки во светот на демократијата па воопшто надвор од нашата земја многу негативно ќе одекне, воопшто и посебно од аспект на презентирањето на изборите.

Сметам дека со овој текст се врши подобрување, би рекол малку и релаксирање на тие обврзувачки, би ви рекол облигаторни текстови што стојат и во другите членови, не само во членот 1 и сметам дека овој текст баш  во тој правец место да каже се утврдуваат, него се предлагаат на медиумите и на уредувачките куќи да направат програма како ќе ги презентираат во текот на изборите кандидатите и се она што следи понатаму. Токму од тој аспект сакам да направиме еден текст кој нема да звучи текст на некаква обврска, должност, а од друга страна сите казнени одредби, ако некој не ги почитува тие должности и обврски, не се кажани во оваа одлука. Според тоа сметам дека со овој амандман ќе се обидеме, па и овие другите што ги имаме малку да го релаксираме текстот од аспект на некакво налагање некаква одлука, некаков декрет спрема медиумите, со цел да дадеме простор на едно слободно објективно и професионално информирање во текот на изборите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 2, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Владимир Станковски, Димитар Трпеновски и Наум Симјановски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Овој амандман се прифаќа.

И претходно беше внесен во текстот на Предлог - одлуката, бидејќи Комисијата за внатрешна политика го предложи, а претставникот на предлагачите го прифати овој амандман.

Значи амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3, поднесен до пратениците Владимир Соколовски, Владимир Станковски, Димитар Трпеновски и Наум Симјановски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Овој амандман не се прифаќа.

Причината е што предлагачите се на мислење дека јавните гласила чиј основач е Собранието на РМ во соработка со Државната изборна комисија, имаат обврска да ги информираат граѓаните за начинот и техниката на гласање. Значи членот 3 останува така како што е.

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за бришење на став 2, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Владимир Станковски, Димитар Трпеновски и Наум Симјановски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Целта на амандманот е да се брише ставот 2 во членот 4, од аспект што е контрадикторен или е во колизија со ставот 2 од членот 1.

Јас само ќе прочитам. заради јавноста, да се констатира таа колизија или би рекол неспоивост и затоа по мое мислење треба да се прифати овој амандман.

Во членот 1 став 2 вели: "овие правила не навлегуваат во уредувачката политика на јавните гласила, во однос на методите и начинот на редакциското информирање и следење на изборните активности, кој се темели врз принципите на новинарска етика и на професионалните критериуми", за да во ставот 2 од член 4, кој според мене треба да се брише и по предлогот на групата пратеници од ЛДП вели вака: "МРТ е должна да објавува информации за законската регулатива за парламентарните избори за активностите на сите

учесници во изборните постапки, за текот на гласањето и за резултатите од изјаснувањето на граѓаните, почитувајќи ги критериумите за професионалност и објективност". Значи се има мешање односно директно се влијае на уредувачката политика на самата куќа, односно на МРТ. Според тоа навистина е нејасно што се сака да се каже со ставот 2 од членот 4.

Според мене треба да се елиминира, бидејќи директно се меша во уредувачката политика на МРТ, која е јавно гласило оформено од Парламентот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 5, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Владимир Станковски, Димитар Трпеновски и Наум Симјановски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Групата пратеници од ЛДП имаат претходно амандман за бришење на член 5.

Ние тој амандман го прифативме, што значи членот 5 не постои и овој амандман е беспредметен.

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1, член 17 став 1 и член 18 став 1, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Димитар Трпеновски, Владимир Станковски и Наум Симјановски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Звонко Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот се прифаќа.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Благодарам. Во меѓувреме пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска, Илија Каров, Аце Коцевски, Слободан Најдовски и Зоран Шапуриќ, поднесоа амандмани за додавање нови членови: 4-а, 4-6, 4-в, 4-г, 4-д, 4-ѓ, 4-е, 4-ж, 4-з, 4-и, 4-ј и 4-к, за бришење на член 5, за бришење на член 7, за бришеше на член 13, за додавање на членовите 17-а, 17-6, 17-в, 17-г, 17-д, по кои предлагачите не се произнеле.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-а, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска, Илија Каров, Аце Коцевски, Слободан Најдовски и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Звонко Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор господин Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Би сакал да го прочитам амандманот.

"Јавните медиуми се должни да обезбедат точни, одмерени и непристрасни информации во своето известување за вестите и актуелните прашања. Покривањето на вестите е сразмерно со моќта на партиите и со обемот на нивната изборна поддршка."

Не ми се јасни мотивите на предлагачот на одлуката поради кои не се прифаќа содржината на овој амандман. Едноставно, амандманот е многу конкретен и јасен и обврзувачки. Посебно е добро што би постоела обврска за јавните радиодифузни претпријатија покривањето на вестите да го направат да биде сразмерно со моќта на партиите, пред се имајќи го предвид фактот дека во Република Македонија на минатите избори, а веројатно и на следните избори ќе учествуваат можеби шеесетина политички партии и многу независни кандидати. Поради тоа би било добро да има некаков ред, да се знае кои партии се најмоќни во Македонија, тие да добијат најголемо време во објавувањето на вестите за нивните предизборни активности на територијата на цела држава. Да не се случува тоа што се случуваше на минатите локални избори, парламентарни избори, тоа да биде потполно несразмерно и да има големи реакции од страна на политичките партии за несразмерното известување од Македонската радио телевизија од промотивните настапи на кандидатите на партиите и на самите партии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитувани колеги пратеници, овој амандман не го прифативме од следните причини:

Во членот 4 на Предлогот на одлуката јасно е назначено дека ова се правила за рамноправно медиумско претставување за парламентарните избори во 1998 година, што значи пред се определуваме обврска на медиумот да е должен да објавува, посебно таму каде што Собранието е предлагач, да објавува информации за законската регулатива, за парламентарните избори, за активностите на сите учесници рамноправно во изборните постапки, за текот на гласањето и за резултатите од изјаснувањето на граѓаните, почитувајќи ги критериумите за професионалност и објективност. Вестите на секој јавен медиум ги сметаме за вести поради запознавање на граѓаните, што значи јавен интерес, заснован врз професионалната етика и професионалноста и објективноста на новинарите. Покривањето на вестите, сразмерно на моќта на партиите, тоа веќе би значело директно мешање во уредувачката политика на јавните медиуми.

Од тие причини овој амандман не би можеле да го прифатиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господин Богдановски.

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, мислам дека во дел на амандманиве би сакал да упатам една општа карактеристика и едно општо мислење. Да не навлегуваме во сферата на субјективитет, нешто што не може да се мери или нема некои мерни единици на некоја вредност. Ве молам, кој е тој кој ќе може да каже што се тоа точни и обезбедат точни, одмерени и непристрасни информации? Додека постои суштеството како човечко битие ќе има и субјективитет, ќе има и неточни информации. А, за она помеѓу точното и неточното во интелектуалните вредности нема граница. Во екстремот на најточното, се крие најнеточното.

Мислам дека не треба да навлегуваме во вака перфидни игри, со што ќе дојдеме во ситуација подоцна да анализираме и да бараме грешки во средствата на јавните информирања или медиумите за создавање вредности кои што објективно ќе немаат вредност. Тоа е нешто, уште една поголема грешка, кој е тој кој ќе определува моќност на политичката опција на одредена партија? На гласачко тело, можеби моќноста утре ќе излезе некоја сосема друга партија за која што граѓанството ќе се определи за соодветната партија. Кој е тој уредник на некоја информативна емисија или пак тој што ќе може да определи дозирање на вредности на моќност, на точност, на субјективитет, Мислам дека сепак, во ова Собрание носителите на амандманот сигурно имаат консултанти во сферата на некоја правна, етичка или друга норма, во која што сепак во сферата на субјективитетот

нема вредност. Додека е човекот, додека е субјективен, тој ќе биде секогаш субјективен. А тука, во медицинската етика, психологија или биологија постојат многу големи категории на вредности.

На пример, еден медиум може да објави комплетно неточни информации од оној што ги слуша, за разлика од оној што ги пласира. Дали треба судски процес и во крајниот глас нема да се утврди тоа што е точно, а што неточно. Мислам дека едни вакви амандмани би требало да се повлечат, да не ми замерат предлагачите на амандманот, затоа што со тие луѓе имам доста непосредни контакти, си комуницираме и правиме одредени асоцијации или договори за размислувања, за одредени вредности.

Мислам дека амандман, комплетно субјективен, амандман што не може да се подвргне под никакви норми за да може да влезе во законска регулатива. Тоа би било кога, да каже некој - кажете дека јас сум најпаметниот, најумниот и најдобриот, не велам и најубавиот. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, односот помеѓу субјективното и објективното е навистина стар колку и човечката цивилизација. Меѓутоа, ако ги определиме границите на објективното, сигурно дека можноста за субјективно однесување ќе биде многу намалена, односно ограничена. Во крајна мерка субјективизмот може да се претвори во волонтаризам или самоволие.

Од таму е целта на овие амандмани да се стават одредени објективни, односно се прави обид да се објективизира, колку е тоа можно. Инаку, целосна објективизација се разбира дека не е можна. Некои од пратениците кажуваат - ова не менува ништо. Ако сметате дека не менува, поддржете ги овие амандмани. Борбата за демократија е навистина долга. Некој од колегите пратеници кажува дека овие одлуки само формално ги носиме, никој не ги применува, никој не ги почитува. А, се бориме за правна држава и владеењето на правото, принципот на уставност и законитост. Цело време се залагаме, сите политички партии, сите пратеници. Тоа од една страна. Од друга страна станува збор дали, со некои од овие амандмани се врши мешање во уредувачката политика?

Јас би кажал дека воопшто не се врши мешање од повеќе аспекти.

Прво, би рекол дека радиодифузната дејност е јавна дејност што државата ја доверува. Сега, државата кај нас се одлучила да ја довери оваа дејност како на јавните така и на приватните претпријатија. Меѓутоа, тоа не значи дека државата сосема се откажува од правото да регулира одредени аспекти од радиодифузната дејност на одредени радиодифузни организации. Тоа е пракса во повеќе светски земји. Земете, прочитајте малку како се уредени овие работи во другите земји. Дали законски, дали со посебни одлуки или други акти.

Исто така, во врска со ова ограничување, таканаречено од некои пратеници ограничуваше на автономија, односно мешање во уредувачката политика, можам да кажам дека има јавни претпријатија што се финансираат со јавна давачка. За нив, основач е Собранието или Владата и за нив треба да постои друг режим и други обврски. Меѓутоа, имаме и појава на одредени електронски, односно печатени медиуми да добиваат средства директно од Буџетот на државата. Сега, ако веќе добиваат, имаат право да добиваат средства од Буџетот на државата, тогаш мора да произлезе државата да им даде некои одредени обврски. Тоа е сосема нормално.

Друго е прашањето како се делат тие средства на одредени медиуми, дали е тоа правилно или неправилно делење, во оваа прилика не би навлегувал во тоа. Во секој случај, тие што добиваат средства од Буџетот, од државата треба да имаат одредени не само права, туку и обврски.

Затоа ве молам, малку да обрнете внимание, јас верувам дека има и пратеници кои не ги проучиле амандманите, да ги погледате. Не може ниту еден амандман да не е прифатен. И, ако некој смета дека ете ништо не се менува битно, наша земја на ЛДП е да се обидеме да објективизираме некои критериуми, услови, како сакате, во понатамошна борба за демократија за да се почитуваат. Сите се стремиме кон земји со долга парламентарна традиција. Дајте, да ги примениме тие искуства. Светот одамна ги измислил тие работи.

Затоа ве молам, поголемо внимание посветите, а особено до предлагачите и да дадат едно опширно или исцрпно образложение. Од досегашните образложенија на господинот Каров, кои се многу штури, според мене, барам на аргументи да се одговори со контра аргументи. Во иднина би апелирал до предлагачите, претпоставувам дека господинот Каров ќе ги прифаќа, односно не прифаќа амандманите, како задолжен од групата предлагачи, молам да се даде поопширно образложение, поопширни аргументи, на овие наши аргументи што сметам дека се навистина издржани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Каров.

(Пратеникот Коцевски упорно бара збор).

Вие, договорете се господине Коцевски, ако некој друг мора да соопшти, вие учествувавте во расправата по овој амандман.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Во првиот дел пред паузата господинот Шапуриќ не беше присутен.

За неприфаќање на амандманот, мислам дека кажав доволно, а тоа е следното, дека членот 3 што претходно останува во текстот таков каков што е, многу јасно и предлагачите и јас како нивен претставник укажуваме дека таму каде што јавните гласила е основач Собранието на Република Македонија, е задолжено во соработка со ДИК, значи задолжено имаат обврска да ги информираат граѓаните за начинот и техниката на гласањето. За да, во ставот 2 во членот 4 исто така кажеме дека има обврска таму каде што, стриктна обврска, таму каде што Собранието на Република Македонија е основач, јавните гласила задолжително да објавуваат информации за законската регулатива, за парламентарните избори, за активностите на сите учесници рамноправно во изборните постапки, за текот на гласањето и за резултатите од изјаснувањето на граѓаните, почитувајќи го критериумот за професионалност и за објективност.

Во членот 6 јасно сме кажале дека локалните радиодифузни друштва, јавни радиодифузни, што ќе се вклучат во информирањето за парламентарните избори, рамноправно да обезбедат пристап за сите политички партии и кандидати, организатори на кампањите и програмите, да обезбедат бесплатно или платено претставување на организаторите на кампањата и преземаат обврска изборниот процес да го следат до неговото завршување. Тоа е обврска на тие јавни гласила таму каде е основач Собранието на Република Македонија. Што не значи или не постои можност и други, со одредени обврски, меѓутоа членот 5 го избришавме, да се вклучат исто во изборната кампања.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам,кој друг бара збор?

Има збор г-динот Силјановски.

Ве молам, согласно Одлуката што ја донесовме на почетокот на седницата вие учествувавте во расправата, тоа не беше реплика, можете да се договорите некој друг, имате повеќе предлагачи нека го пренесе тоа мислење, нема проблем.

Повелете г-дине Силјановски.

**БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ:**

Добро, јас не сум во редот на предлагачите на Одлуката, меѓутоа и на Комисијата за

политички систем се залагав за минимум стручност на актот што треба да го донесеме и во името на тоа и овде сакам да укажам на еден момент, а во контекст на она барање за дообјаснување, зошто некои нешта или не се прифатливи. Има една заложба со амандманот за воведување нов член 4-а да се внесе азбука во новинарството во еден ваков акт. Па, заложбата да внесеме обврска за точно, одмерено, вистинито информирање, мислам дека е токму азбука во информирањето.

Понатаму, еден израз во текст каков што е известување за вестите, е што е веста, не е известување? Мислам дека треба минимум напор за стручен увид или стручна кореспонденција со нештата, па да сфатиме дека некој работи навистина и елементарно не можат да бидат содржани во еден текст.

Понатаму, наредниот амандман за воведување нов член 4-б, со кој се прави напор на редакциите да им се забрани можноста да коментираат одредени настани. Мислам дека и тоа е еден почетнички поглед во новинарството да се забрани можноста да се коментираат одредени нешта сврзани со изборните активности во времето на изборите

Според тоа, врзано со едно друго сознание дека голем дел од амандманите поднесени од исти луѓе си противречат еден на друг, не можам поинаку да сфатам освен дека се работи за настојување да се создаде една конфузија во сето ова и да дојдеме до некаков документ што ќе биде многу понизок од неопходното ниво на еден акт што треба да го донесе Собранието и ќе биде исто така тешко применлив.

Затоа, јас го поддржувам определувањето на претставникот на предлагачите ваквите амандмани да не ги поддржувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, морам да кажам како еден од предлагачите, видовте не се јавив до сега за дискусија, но очигледно по две предавања за начин на однесување, за стручност и ред други работи, човек мораше да се јави да не остане рамнодушен, бидејќи сум еден од предлагачите.

Добро е да се научи човек на стручни изрази, дека не сме ги разбирале и да ни каже дека се тоа од основните начела на новинарството. Но, мора да се каже една следна работа дека ви кажуваат луѓе кои можеби 20-30 години пред да го напишат текстот оделе на консултации за да му го објават текстот. А, оделе на консултации од центри на моќ. Така што, морам да кажам, учејќи не нас како се основните начела ни покажаа и овој пат како е правена и оваа одлука.

Имено, јас морам да ви кажам изразувам големо сомневање дека оваа Одлука не е повторно направена од еден Центар на моќ, преку кој се испраќаат одредени луѓе кои сега ни се јавуваат во вид на предлагачи или не знам на кој друг начин да ја образложат таа Одлука, а од друга страна не знаат да ја образложат. Морам да се потрудам и јас по тој речник ако ние не знаеме, тогаш и предлагачите не знаат да ја образложат. Ќе го кажам следното:

Нам ни е јасно дека нема да се усвои ниеден амандман или ќе се усвои оној кој можеби битно не менува, но ќе ја поправи содржината од аспект поквалитетна содржина на Одлуката. Нам ни е јасно дека е веќе направена Програмата како ќе работат медиумите кои се под контрола на Владата на РМ и на власта. Тоа ми е сосема јасно и ние знаеме дека неколкупати колегите искажуваа како беше кампањата 1996 за локалните избори. Јас овде во една прилика реков и сега ќе повторам она што се случи вечерта пред молкот на изборите 1996 година, верувајте ми она што беше на македонската телевизија дали постои држава во светот што би го направила тоа нешто. Секаде во светот последните две вечери, а посебно последната вечер пред молкот се користи за соочување на партиите, на лидерите на партиите, а 1996 година ние имавме една таква монтажа на телевизијата од час и 20 минути што верувам дека не би го направила ни една држава во светот.

Од тие причини ние се обидовме и како предлагачи во општата расправа и со овие амандмани да направиме од оваа наша држава во светот да кажат дека навистина во Македонија има демократија. Прифаќам дека одредени работи како еден од предлагачите да ни се сугерира дека ова може подобро. Но, да се излезе овде и да се каже што е точно што не е точно, само можеби пред два месеци во неделникот "Денес" имаше една статија од г-динот Цуцуловски кој е постручен од нас во таа област и токму зборуваше на таа тема која е точна, а која е неточна информација. И точно за тоа кажа кога се тркалале двајца Русинот и Американецот и како се објавувала веста во Америка, како се објавувала како во Русија. Тоа не е анегдота, тоа е чиста вистина која може и овој пат да се случи. Можеме да речеме точна информација дека некаде се одржала некоја манифестација, но исто така може да се случи, а ќе се случи кај нас се вадат од тие манифестации, од тие предизборни митинзи реченици кои на луѓе кој само ќе седат и единствено ќе следат кој од опозицијата ќе згреши еден збор, а се она што ќе се згреши од партиите од власта нема ништо да се рече во тие медиуми кои се под контрола.

Од тие причини, тоа сигурно ќе го има и на приватните телевизии, но тоа е сепак приватна телевизија за која зборуваме на кој начин се финансира. Од тие причини сметам дека навистина не држат критиките упатени на предлагачите на таков начин понижувачки како што сакаше да се пријде на амандманите, туку од друг аспект да им се пријде дали сме способни да прифатиме нешто, барем на крајот што се предлага од опозицијата.

Очигледно, ви реков и ќе завршам со тоа дека, оваа Одлука ќе ја прифатите. Прифатете ја само уште еднаш кажуваме дека правите голема грешка и штета по демократијата во РМ. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитувани колеги, морам да кажам дека добив една критика денеска дека не ми биле важни изборите. Многу сум бил ќутлив. Да знаете дека многу ме интересираат изборите само слушам што се зборува, пакет закони, што се се измислува дека ќе имаме фер и демократски избори, дека имаме толку чесни како јагниња и се ќе помине во најголем бавлет дури овде ми падна во очи амандманот број 1, па се вели во членот 4 се додава нов член 4-а кој гласи така и така, а вториот став вели "покривањето на вестите е сразмерно со моќта на партиите и со обемот на нивната изборна поддршка". Ова ич не можам да го разберам. Што е ова сега? Аман бре луѓе каде се наоѓате. Или јас се наоѓам некаде на месечината, па ништо не можам да разберам. Амандманот 3 член 4-в на крајот се вели: "за незаконски дадени изјави одговорни се кандидатите или претставниците на партиите кои ги дале изјавите[1].' Каде ќе одговараат? Во Судот? Оставете ме мене јас да коментирам.

Понатаму 4-д се предлага нешто, па јавните медиуми се должни на партиите кои имаат силна поддршка во одредени региони да им обезбедат време на емитување во регионалните програми, пропорционално со нивната моќ во тие региони. Леле мајката што е ова. Вакви ли закони ќе носиме?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, првиот дел да, г-дине Фаик Абди да се задржиме само на амандманот на член 4-а.

**ФАИК АБДИ:**

Амандманот 4-а, мислам дека нас народот на РМ не знаат кои сме ние овде и што сме и партиите и тие што се надвор. Убаво не знаат како црвени јајца. Ова е џабе што го носиме. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, мислам вакви дисквалификации во стилот како што сега беа презентирани, нема смисла да се слушаат во оваа сала и најлош текст е некаков текст и нешто што се работи и тоа е некој напор да се направи. Мислам дека ништо не треба да се дисквалификува.

Друго, јас би напомнал дека во нашиот амандман каде се констатира дека информациите треба да бидат точни, одмерени, непристрасни, сакам да го поставам следното прашање. Дали мислите дека оваа одудара од општите принципи на новинарството, ако се тоа основните принципи зошто тогаш да не ги прифатиме? Зошто уште еднаш не ги реафирмираме? Ако е така, мислам дека треба да се прифатат како такви ако веќе го сфаќате како реафирмација. Ние са залагаме, бидејќи на минатите избори за време на одржувањето на изборите сите имаме некакво искуство и знаеме дека многу дезинформации, многу невистини, многу неодмерени и пристрасни информации кружеа во етерот во сите медиуми. Зошто со овој текст да не ги реафирмираме овие вредности кои, ако веќе констатирате дека се основни вредности, уште еднаш ги констатираме и прифатиме. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште. некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (14).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-б, поднесен од истата група пратеници.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Г-дин Звонко Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-ѓа Трајаноска.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, колкава е опасноста од уредничките коментари, би сакала да илустрирам со изјава на еден истакнат американски новинар. Цитирам: "Ние новинарите седиме качени на ридот и ја набљудуваме битката. По нејзиното завршување слегуваме на бојното поле и ги броиме ранетите. Но, доаѓаат нашите уредници и тие ја набљудуваа битката од ридот, но потоа слегуваа на бојното поле и ги убиваат ранетите."Сметам дека доволно илустративно за влијанието на уредниците, а сега би сакала да го прочитам амандманот да видите за што станува збор.

"Заради отстранување на опасноста уредничките мислења, односно коментари да се сфатат како вести на јавните медиуми, по правило, не треба да емитуваат уреднички мислења. Доколку некој јавен медиум емитува уредничко мислење, обврзан е да ги емитува и мислењата на главните опозициони партии за темата на уредничкото мислење. Доколку емитувачот ги презентира своите сопствени ставови, тие мора да бидат јасно идентификувани како такви и да не се пренесуваат за време на емитување на вестите." Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас мислам дека не треба многу оваа седница да ја одолговлекуваме и оваа точка што ја имаме на дневен ред за медиумско претставување, мислам дека сите пратеници што сме во овој Парламент за

секоја партија и за секој пратеник граѓаните на РМ секој добро знае која партија, што партија, како се докажала на овие избори и ќе има добар избор на овие избори. Мислам дека не треба многу да се секираме кој како заслужил, што заслужил, како се покажал, медиумско претставување не треба никого да паничи, мислам дека за сите ќе биде се во ред и граѓаните ќе одлучат. Инаку, џабе колку и да се прави маркетинг ако некој овде во овие клупи не ги претставувал граѓаните на РМ од својата избирачка единица или од партија, дозволете им на граѓаните, овој пат не треба маркетинг да правиме, прикрај сме на распуштање на овој Парламент, па дајте да ги оставиме граѓаните на мир нека не гледаат и нека си одат на одмор, нека се одморат, нека помине одморот, па кога ќе дојдат убаво да размислат за кого и како ќе го дадат својот глас. Мислам дека не треба да се паничиме, туку кој како заслужил, така ќе влезе во овој Парламент. Инаку, "кој не заслужил се знае, граѓаните ќе одлучат за него.

Јас сум за тоа да се прифати ова што е предложено, имам дадено поддршка и ќе гласам за.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор.

Има збор г-динот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Јас морам да констатирам дека, за жал и на оваа можеби мала тема докажавме колку сме далеку од Европа и колку се празни декларациите и нашите изјави дека сакаме и тежнееме да влеземе во Европа. За да отидеме во Европа и да не примат таму треба да го прилагодиме нашето законодавство според критериумите и принципите на Западно европската Унија, а тоа подразбира и оваа одлука за која расправаме денеска да биде во согласност со тие критериуми.

Има различни стилови, има пратеници кој сакаат да импровизираат, меѓутоа, има и пратеници кои сакаат добро и темелно да се подготват пред да предложат нешто или да излезат на оваа говорница. Јас сакам да ве информирам дека, подготвувајќи се за оваа седница и за да бидат напишани овие амандмани, прочитав многу литература, ви носам само дел од тоа, тоа се материјали кои се изработени од светски експерти, специјалисти за оваа област во “Артикл 19“, Меѓународниот центар против цензурата со седиште во Лондон и во Париз, потоа моделите за Кодекс на однесување на изборите и низа резолуции и декларации донесени од Генералното Собрание на Обединетите Нации.

Тоа што го зборуваше г-динот Игнатие Богдановски со сиот респект и почит кон него ја отвора вечната дилема што е постаро јајцето или кокошката. Се разбира, вкусовите се различни, тоа што е демократија за Садам Хусеин не е демократија за западно европските принципи и не ни вреди ние да теоретизираме сега што е демократија, дали тоа што се применува во Куба или во Ирак или ова што се применува во западно европските држави.

Јас сакам само да му кажам на г-динот Игнатовски дека, тоа што го зборуваше е во потполна спротивност со тоа што го зборуваат и пишуваат меѓународните експерти кои се многу, многу поголеми познавачи и од мене и од него на оваа материја, едноставно ние денеска разговараме за одлука за правила, не разговараме за закони, во тоа е разликата. Доколку разговараме за закони, треба субјективностите да се отстранат. Меѓутоа, ние денеска разговараме за правила, а во правилата е неопходно да се ставаат такви елементи кои повеќе упатуваат на нешто што треба да се прави, затоа што не се работи законски проект, а второ би сакал да му кажам на г-динот Богданоски дека критериумот воопшто не му е воедначен дури да речеме дека е принципиелно во право, затоа што истата терминологија пишувачите на Одлуката ја користат во неколку други членови.

Ако веќе сте принципиелен и сметате дека нешто не е во ред, тогаш бидете докрај и ставете забелешки и на останатите забелешки, а исто така, каде што велите дека нема по што да се измери тежината на политичките партии и г-динот Фаик го зборуваше тоа, не сте во право. Дури и предлагачите во оваа одлука во член 16 став

2 имаат кажано дека електронските медиуми ги избираат учесниците во дебатата врз резултатите постигнати на претходните избори и според извршените анкетни истражувања. Истото со поинакви зборови кои се преземени од меѓународниот центар против цензурата се вградени во овие амандмани што ги предложивме. Ништо не сме измислиле, едноставно тоа е меѓународна, најсовремена регулатива од оваа област. Така, сите критики што ги зборуваше г-динот Силјановски воопшто не се основани, затоа што не се потрудил ништо да констатира, да консултира, да прегледа некои документи, да го провери своето мислење за таа област.

Што се однесува до овој амандман, би сакал да ја интерпретирам суштината. И тој амандман не сме го измислиле, само сме го презеле, а суштината е во следното. Македонската радио-телевизија како најмоќен радиодифузен сервис во Република Македонија е финансиран од средства на граѓаните во Република Македонија, мора да остане непристрастен за следните и за било кој избори, без разлика кој ќе дојде на власт. Суштината на овој предлог е, во Македонското радио и во Македонската телевизија на нивните програми да не се емитуваат редакциски коментари во тек на изборната кампања за одредени настани, пред се, имајќи го предвид фактот што се случува во земјите во транзиција, тие радиодифузни сервиси, заради начинот на кој се бираат директорите и управните одбори кои раководат со нив, како што е случајот кај нас, затоа што ги бира парламентарното мнозинство, нормално е дел од нив да се однесуваат како политички комесари и во своите коментари може да ја величат едната партија наспроти другите партии.

Заради тоа, меѓународните експерти препорачуваат да не се објавуваат такви коментари. Редакциите да се воздржат. А, ако веќе се одлучат да прават коментар со иста должина на времетраење на тој коментар, да им дадат можност на најголемите опозициони партии по тоа прашање кое било предмет на коментарот да го изнесат својот став. И ништо повеќе. Тоа е совршена демократија. А, не да им оставиме можност да величаат одредени партии, а да не им дадат можност на останатите кои би биле напаѓани во тие коментари да дадат одговор или мислење за темата која е предмет на коментарот. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Игњат Богдановски.

**ИГЊАТ БОГДАНОВСКИ:**

Ние се договоривме со г-динот Коцевски да си реплицираме со сите атрибути на почитување. Морам да кажам една работа дека се обидов од делот на она сознание кое што сум го стекнал во делот на науката, онаму каде што припаѓам на таа категорија во едукативниот процес, да направам анализа онака како што јас размислувам.

Не прифаќам експертски мислења од надвор во средина за која што ние добро ја познаваме во наши услови и дека вредностите кои што се кај нас во споредба со вредностите од светот, бидејќи во светот моралот и етиката има голема вредност и ако од говорница некој произнесе што не претставува вредност, а да не кажам невистина, граѓаните на дотичната држава имаа свое мислење за оној што го изнесува своето мислење. Ние во оваа наша средина, да бидеме јасни, национален херој станува оној кој што од оваа говорница ќе опцуе некого или ќе истресе нешто против некого, да не речам некоја глупост. Тоа не може да се случи, условно велам, како и што се случува во некои други земји во развиениот свет. Од тој аспект сакав и сметам дека оваа одлука, оваа законска регулатива за медиумско претставување треба да биде лимитирана на релативно помал број членови во законска регулатива, затоа што се она што претставува субјективитет, а држам до тоа, дека секој може да го толкува онака како што сака и што сака. На пример, морам да кажам дека еден медиумски, морам маркетиншки малку да делувам, еден медиумски

така да кажам електронски медиум објавува два коментара со иста содржина во петокот или во саботата во кој што вели: "нашите идеи, нашите мислења, нашите ставови, успеавме да им докажеме и да ги прифати Владата на Република Македонија и СДС оти му рековме тоа и тоа да направи". Тоа е прашањето во делот на пензиите, тоа е прашањето во делот на учебниците, образованието итн. Каде е реалноста, каде е вредноста на субјективитетот. Или како јас ќе го ограничам уредникот на дотичната друга медиумска личност во кој што ќе каже дека тоа и тоа, тоа е критериумот дека таа и таа најголема политичка партија. Прашање за јавноста во законската регулатива, како ќе ја вреднувате демократската алтернатива во вредностите на медиумското преткажување. Или како тоа ќе го направи некоја друга политичка опција, затоа што и таа ќе се смета или се смета или ќе биде некоја политичка опција со определени вредности.

Мислам дека, колку можеме поедноставно да ги намалиме законските регулативи, нешто што ќе биде и на една опција како ќе се настапува за сите кандидати ќе се настапува приближно, идентично, еднакво. Нема, додека постои човечко суштество, ќе има субјективитет, а тој субјективитет кога ги задоволува и најидеалните вредности во психологијата на човекот, ќе се појави амбиција која на Балканскиот простор се вика инат, зошто тоа да не биде така. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Мислам дека ние се впуштаме во една друга начелна расправа, односно начелна расправа на еден нов предлог. Овие амандмани кои што се поднесени тука ги сметам за нов предлог од причина што материјата е толку сложена и обемна што и не може да се расправа и одделно по амандман, туку првенствено треба да се расправа генерално, па потоа да се оди по амандмани.

Мислам дека, поголемиот број од овие прашања кои се настојува да се уредуваат со овие амандмани се веќе решени, односно тие се дел од позитивниот правен поредок и тие се уредени со Законот за радиодифузија, за Македонската радио-телевизија, за јавните гласила, Закон за избор на пратеници и дел од нив се уредуваат и со кривичниот законик. Јас не гледам причина да се има толкава медиум фобија и толкава мера на недоверба кај новинарите и јавните гласила, најсериозно кажувам дека негледам причина да се посомневаме во толкав обем, меѓутоа, тоа е реалност, а ние ако ги усвоиме дел од овие амандмани кои тука се предлагаат, сметам дека сме на пат одлуката да ја доведеме до баналност, а новинарите да ги прогласиме за неписмени, да ги прогласиме за идиоти и да ги прогласиме за роботи. Тука ние сме само да усвојуваме критериуми за времетраењето на претставување на кандидатите, за основите и методите на претставување на тие кандидати, се со цел за да трасираме, односно воведеме нормални рамки за едно рамноправно претставување на кандидати и политички партии. Тоа како ќе работат новинарите, што ќе работат, си има други прописи, има кодекс на новинари, има закони, има одговорност, има морална одговорност итн. Јас искрено гледајќи, ако сакаме да расправаме по однос на амандманот 2, заради отстранување на опасноста굴 уреднички мислења, коментари, по правило не би требало да постојат такви коментари, иако може некој од кандидатите да лупа милиони глупости, а ниеден од новинарите не смее да каже ни еден збор, од причина што ние ќе му забраниме со оваа одлука. Со тоа што сме постигнале?

Мислам дека, имаме и други посериозни забелешки во однос на овој амандман, доколку пак редакцијата се впушта во некој коментар, тој новинар мора задолжително да го цитира, односно да го респектира мислењето на опозиционите партии. Тука ние новинарите ги учиме како се пишува коментар. Нормално секој коментар се знае како се пишува и мора да се сложуваат сите страни, односно најмалку двете страни, спротивставените страни. Не можеме ние сега на писмено да им кажеме на новинарите како се пишува уредничко

мислење, односно коментари. По тоа ние практично со амандманот 3 воведуваме нова цензура. Точно кажуваме кога медиумите се ослободуваат од одговорност, а кога не. А, кој ќе биде тој фактор, односно таа структура која ќе определува што е поттикнување на насилствата. Јас мислам исто и амандманот 5, на пример, ако претседателот на Владата или некој министер одржува конференција за печат, па задолжително мора да се почитува, односно да се даваат простори за мислење на најголемите опозициони партии. Мислам дека, тука не е местото. Едноставно таа партија може сама да организира прес конференција или пак да испрати соопштение, немора тоа да се уредува со ваква одлука итн. Или пак ги учиме новинарите кога треба да ги објавуваат контактните програми.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам г-дине Биљали само за овој амандман.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Добро, јас реков дека е невозможно, навистина, да се расправа по амандмани и јас предлагам повторно да се отвори начелна расправа, бидејќи овој го сметам за паралелен документ. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Фаик Абди има збор.

**ФАИК АБДИ:**

Излегов на говорница, заради тоа што бев спомнат како Фаик Абди и тоа во првиот амандман, вториот став "сразмерно на моќта на партиите", па ми беше забележано како тоа сега да зборувам за моќта итн. Јас знам дека имало семинари од Американскиот институт, Демократски институт за избори и многу други институции се бавеа со тоа и наши луѓе одеа таму на семинари. Сето ова е сигурно преточено од препишување, од слушање итн., но мислам дека од 1990 и 1994 година состојбите многу се променија со партиите. Од 1994 година до сега уште повеќе се изменија состојбите и тоа е малку чудно ако и сега ги знаеме кои се тие најмоќни, најдебели парични, без парични партии и.т.н. Ете, за тоа јас излегов да кажам нешто и опростете ми ако ве заморив. Инаку, не сакам да излезам за ништо да зборувам на оваа говорница, меѓутоа ако има изборно тело партијата, има, а ако нема изборно тело, нема. Колку сака некој да зборува некаде, народот ќе определи. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, јас исто така се придружувам на повикот на г-динот Биљали. Ние општиот претрес го завршивме.

Амандманската расправа треба да биде кратка и јасна.

Се согласува претставникот на предлагачите или не и сосема кусо образложение од оние што не се согласуваат по тој став.

Во општата дебата секој по 10 минути говори.

Господин Настевски има збор.

**ДИМЕ НАСТЕВСКИ:**

Јас само кратко по амандманот кој што се однесува на вториот амандман на член 6.

Овдека и прво од објаснувањето што го даде еден од предлагачите и од она што е дадено како амандман е сосема различно. Нема ништо заедничко меѓу објаснувањето и меѓу тоа што е напишано.

Прво, медиумите не ги дели, дали ова се однесува на сите медиуми, електронските или печатените медиуми. Тоа е едната забелешка. Бидејќи, овде се зборува за вести. Ако е за вести тогаш се однесува само на електронските медиуми. Пишува во вестите, извинете мислам дека ова е една од грешките.

Втората работа, во објаснувањето еден од предлагачите кажа дека се мисли на Македонската радио - телевизија. Господа, ние неможеме приватните радио станици, телевизиски станици да ги обврзиме со еден ваков амандман. Тоа никаде не е пишано во амандманот. Има телевизиските станици и радио станиците се јавни медиуми. Или дефинирајте го амандманот, а вака како што е сосема е погрешен. Не можеме ние некоја

приватна радио или телевизиска куќа да му забраниме на уредникот да си дава свое толкување. Тоа е негово право.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Тантаров се јави за збор.

Ве молам да зборувајте само за амандманот.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, јас ќе бидам908 ептен кус, не сакам да се произнесам по амандманите кои што се на дневен ред, затоа што веќе еден сат се разговара овде. Се држат предавања за висока демократија и било што.

Меѓутоа, мене ме чуди како денешнава седница ни пропадна за една банална одлука со која што господата идни кандидати за пратеници ќе се претставуваат пред своите бирачи, а не најдовме сили денес да разговараме за проблемите што настанаа со пропаѓањето штедилницата ТАТ, Алфа С и Лавци од Охрид.

Господине претседателе, ние дозволивме точката за ТАТ од 21 да се продолжи таму на 50-та или 60-та, а дозволивме вакви игри на Парламентот со овие правила. Мислам дека треба да се престане со дискусиите по овие амандмани и точката за ТАТ денеска мора да се најде на дневен ред. Секоја опструкција на опозицијата ќе биде голема грешка ако овој закон не го донесеме денеска.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, ние за тоа се договоривме.

Собранието гласаше оваа точка да биде прва на дневниот ред денес во продолжението, заради потребата за заокружување на целиот изборен пакет.

Деловничка интервенција за г-динот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, во еден дел претседателот веќе интервенираше и добро е тоа што интервенираше дека не се раправаше по амандманот.

Сакам да кажам следново, чиста деловничка интервенција, на почетокот кога претседателот на Собранието овде постави предлог да се префрлиме на оваа точка на дневниот ред, а другите да ги прескокнеме, не случајно барав да гласаме. Затоа што, сметав дека всушност тоа е играта да се запостават останатите точки. Од тие причини реков уште на почетокот да се гласа. Е, сега некој сакајќи да префрли дека сега опозицијата, тие што ги предложиле овие амандмани вршат опструкција, сметам дека навистина задоцнето се реагира. Морам да кажам исклучиво од тие причини барав на почетокот да се гласа, бидејќи сеуште се сомневам дека другите точки нема да дојдат на дневен ред после оваа точка. Тоа беше целта на играта. Затоа, сега да не враќаме кој како и што барал. Требаше тоа пред време кога се изјаснија најголемиот број пратеници за менување на точката на дневен ред. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, еве јас сакам да Ви предложам да бидеме ефикасни во расправата по амандманите, па да видите дека другите точки ќе дојдат на дневен ред.

Ако продолжиме со оваа динамика по еден амандман еден час да расправаме, Ви кажувам дека до крај на септември нема да завршиме само по оваа точка.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-в, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска, Илија Каров, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Владимир Станковски и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.
Господин Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?
Има збор г-дин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Само сакам да кажам дека го поддржувам апелот на претседателот на Собранието и ќе се трудам да бидам краток по сите следни амандмани во образложението. Овој амандман гласи.

"Медиумите се ослободени со правна одговорност за незнаки, изјави дадени од страна на кандидати, или претставници на партиите емитувани во текот на изборната кампања, освен за оние што претставуваат јасно и директно поттикнување на насилство за незаконски дадени изјави одговорни се кандидатите и претставниците на партиите кои ги дале изјавите."

И овој дел од амандманот, односно овој амандман така е прифатен од меѓународниот центар против цензурата. Суштината е во тоа да се ослободат јавните и трговските радиодифузни претпријатија од одговорноста да плаќаат казни за дадени изјави од страна на гости кандидати или претставници на политички партии кои се во спротивност со законот и да се префрли одговорноста за незаконски дадени изјави на тие што ги избравме, односно на претставниците на партиите или на кандидатите, а медиумите да бидат казнувани само доколку дозволат претставниците на партиите да даваат изјави кои значат директно поттикнување на насилство. Едноставно суштината е во тоа и не гледам причина зошто не би бил прифатлив и прифатен.

(Реакции од место на некои пратеници дека нема доволен број пратеници во салата).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ајде да видиме колку пратеници се присутни во салата.
51 пратеник е во салата.
Молам нека влезат пратениците во салата.
(Во салата влегуваат пратеници).
Имаме 67 пратеници присутни во салата.
Амандманот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака?
20 пратеници гласаа за.
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-г, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска, Илија Каров, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Владимир Станковски и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.
Г-динот Звонко Каров има збор.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-д, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска, Илија Каров, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Владимир Станковски и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.
Г-динот Звонко Каров има збор.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој  бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

19 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-ѓ, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска, Илија Каров, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Владимир Станковски и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Г-динот Звонко Каров има збор.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-е, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска, Илија Каров, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Владимир Станковски и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Г-динот Звонко Каров има збор.

ЗВОНКО КАРОВ:

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам,  кој  бара збор? Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Целта на овој амандман е да овозможи  при емитувањето на изборните програми на локалните јавни радиодифузни претпријатија, односно локални радио станици низ Републиката на политичките партии, кои што се јаки во одредени делови на Македонија, на пример. Демократската партија на Македонија со седиште во Тетово, на локалното радио во Тетово или на ПДП и ДПА во регионите во западниот дел од Македонија, каде што се посилни, да добијат значително повеќе време во однос на останатите политички партии, кои во тие региони немаат соодветна јачина.

Тоа е целта на овој амандман, а вие како сакате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој  бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

19 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-ж, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска, Илија Каров, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Владимир Станковски и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Г-динот Звонко Каров има збор.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4- з, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска, Илија Каров, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Владимир Станковски и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Г-динот Звонко Каров има збор.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-и, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска, Илија Каров, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Владимир Станковски и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Г-динот Звонко Каров има збор.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Господинот Аце Коцевски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-г, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска, Илија Каров, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Владимир Станковски и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Г-динот Звонко Каров има збор.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-к, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска, Илија Каров, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Владимир Станковски и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Г-динот Звонко Каров има збор.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Текстот на амандманот гласи: "надлежните државни органи се должни да ги испитаат заканувачките дејствија на насилство, застрашување или вознемирување насочени кон персоналот на медиумите, или пак какви и да е дејствија на уништување на имотот или просториите на некои од медиумите, особено доколку постои причина дејствието да е мотивирано со намера за попречување на слободата на медиумите или да преземаат соодветни законски мерки за казнување".

И оваа одредба е преземена од меѓународниот центар против цензура со седиште во Париз и во Лондон. Суштината е претставниците на средствата за јавно информирање кои се изложени да пишуваат за многу девијантни појави, организиран криминал и.т.н. да бидат заштитени од нападите за да не им се случи пред изборите тоа што му се случи на почитуваниот главен и одговорен уредник на часописот "Фокус" Никола Младенов да биде претепан.

Едноставно целта е со ова да се заштитат новинарите и имотот на новинските куќи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, мислам дека тежината на овој амандман е од круцијално значење за суштината на целата одлука за медиумско претставување, посебно што се однесува за заштитата на самите медиуми како субјекти во тоа медиумско претставување. Можеби треба навистина малку со поголем интерес да се разгледа овој амандман, интерес од самите пратеници од спротивниот табор кои гласаат против овие амандмани, затоа што навистина имаме и практични примери каде ова се случувало на претходните избори со надеж да не се случуваат такви непријатни моменти и во наредните, во предвечерјето на овие избори како и за изборите што ќе бидат понатаму.

Навистина се надевам дека и самите медиуми ќе го поддржат овој амандман и ќе се залагаат и тие за истиот да влезе како ваков посебно што истиот амандман создава една поддржувачка нота на самите надлежни органи да преземаат конкретни мерки за откривање на тие сторители и на одреден начин нивно превентивно делување за да не дојде до несакани последици.

Ова се однесува посебно и за приватните медиуми кои и тоа како се по подлежни на вакви можни дејствија, но морам да истакнам дека и самата државна телевизија можно е да се случи по одделни претставници на државните медиуми да бидат подлежни на вакви дејствија, да не речам и нешто многу повеќе, а неофицијално денеска сознав дека има веќе конкретни случаи кон директорот на Македонската радио телевизија со испраќање на одредени анонимни писма и закани за безбедноста на самата "Македонска радио телевизија. Ако и на тоа може да се реагира на ваков неадекватен начин, тогаш како би реагирале ние пратениците на заштитата и покрај таа лична независност на самите субјекти новинари, така и на самите субјекти, на институциите, како приватните телевизии, така и на државната телевизија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам,  кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

18 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 17-а, поднесен до пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска, Илија Каров, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Владимир Станковски и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Господинот Каров има збор.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Овој амандман е поврзан со другите амандмани, а се работи за комитет за следење на медиумското претставувања на партиите, кој ќе биде составен од по еден делегиран претставник од политичките партии кои на последните избори освоиле најмногу гласови и по еден претставник од јавните медиуми.

Господинот Коцевски образложи дека се користени материјали од меѓународни организации. Меѓу нив и препораки на Обединетите Нации. Навистина е несватливо ако ја имаме праксата во сите други земји да постои еден ваков комитет во кој што ќе учествуваат и претставниците на политичките партии и ќе ја следат активноста во врска со изборите. Сите вие имате прилика да гледате како се води кампања во други земји, благодарејќи на телевизиските станици на ББС, можевте да гледате дека при кампањата и

лидерот на Лабуристите Тони Блер и лидерот на конзервативците Мејџер како и другите лидери имаа потполно еднаков третман за секоја активност. Ако ги игнорираме сите овие искуства, сите овие мислења на експерти, препораките на Обединетите Нации тогаш навистина ние со таков начин, навидум ќе речете ова не е битна работа, меѓутоа самиот пристап кон овие работи укажува многу. Дали ќе пријдеме ние кон развивање на демократија и демократските процеси или не, или дали ќе се стремиме кон земјите со развиена парламентарна демократска традиција, и дали се стремиме кон интегративните процеси во Европската Унија и другите евроатлански организации. Еден од условите кои ги поставува Европската Унија знаете добро дека е регулирање, односно демократија и во оваа свера.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Се јавив по овој член, затоа што доколку овој амандман не биде прифатен отпаѓаат четири, пет следни, затоа што се непосредно поврзани. Затоа, сакав да предложам доколку не биде прифатен предлагачите ги повекуваат сите останати. Заради тоа, сакам да ги изложам повторно нашите аргументи. Членот 17, а гласи: "За набљудување и регулирање на емитувањето на изборите се формира Комитет за следење на медиумското претставување на партиите во јавните медиуми. Комитетот е составен од по еден делегиран претставник од политичките партии кои на последните избори освоиле најмногу гласови и по еден претставник од јавните медиуми".

Во прилог на ова за да не импровизирам ќе цитирам дел од експертизата на Меѓународниот центар против цензура, во која се вели дека централно за интегритетот на изборниот процес е постоењето на тело за набљудување и регулирање на емитувањето, а кое ќе се смета и во суштина ќе биде непристрасно. Тоа мора да дејствува брзо и чесно, а неговите одлуки треба итно да се разгледуваат во судовите. Еден практичен модел е обезбеден од Комитетот за политичко емитување на партиите на Велика Британија, кој се состои од претставници на трите поголеми политички партии тоа се: Лабуристичка, Конзервативна и Либерална Демократска партија, двете националистички партии од Шкотска и Велс и двата органи за емитување националните телевизии. Тој го регулира емитувањето на изборите и доделува време за емитување врз основа на критериуми, кој самиот ги формирал. Отаму онаму каде партиите не можат да се усогласат како што се случи при доделување време за емитување за општите избори во 1987 година, органите за емитување самите донесуваат одлука. Сојузна Република Германија следи сличен приод со кој емитувачите донесуваат одлуки во согласност на политичките партии. Во Австрија, Шведска и Швајцарија органите за емитување кои се независни од Владата донесуваат одлуки во врска со емитувањето на изборите. Неколку земји вклучувајќи ги Италија и Луксембург регулирањето го довериле на парламентарна комисија, иако во Италија овој систем не функционира добро. Значи, постојат различни модели како во земјите во транзиција, така и во западно европските земји, меѓутоа дали тоа ќе биде парламентарна комисија, или друго независно тело, не е важно, важно препораката е вакво независно тело да се формира. Во нашите прилики тоа би било најдобро да биде составено од претставниците на најголемите партии од позиција и од опозиција и од претставници на македонското радио и македонската телевизија, со цел да го следи емитувањето за време на изборниот процес. Нема ништо лошо во сето тоа, едноставно тоа е пракса која постои и не гледам зошто не би било прифатено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16).

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Амандманот го повлекуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одиме на 17-д.

Отворам претрес по амандманот за додаваше нов член 17-д, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска, Илија Каров, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Владимир Станковски и Зоран Шапуриќ.

Го молам, претставникот на предлагачите да се произнесе.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Ќе го прочитам и овој член кој гласи: “Јавните медиуми се должни да обезбедат мониторинг, тука има печатна грешка наместо мораториум на медиумите од страна на невладини и непартиски организации, вклучувајќи и снимање ленти од емитувањето на изборите што ќе бидат достапни без наплата, или по минимална цена. Исто така, и оваа е европска препорака која функционира во многу земји во Европа.

Целта на тоа е за да има поголема демократичност во водењето на изборната постапка да се дозволи на заинтересирани невладини и непартиски организации, кои се регистрирани во Република Македонија да можат да вршат мониторинг или набљудување на целиот изборен процес на територијата на Република Македонија, а јавните радиодифузни претпријатија се однесува само за нив должни се да обезбедат бесплатни касети од тие снимки или касетите да ги направат достапни по пониски цени од вообичаените.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Во меѓувреме пратениците Зоран Шапуриќ и Илија Каров поднесоа амандман на член 12 за додавање нов став 3 по ставот 2, по кој предлагачите не се произнеле.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ и Илија Каров.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, на крајот на да кажам, мислам дека претставникот на предлагачите не покажа ниту минимум разбирање, ниту минимум флексибилност за сите амандмани кои што ги предложивме, а кои се градени врз европските искуства.

Овој амандман се предлага за оние основачи, за оние медии чиј основач е Собранието, значи кои се финансираат со парите на граѓаните со јавна давачка да се ограничи цена до 70%. Бидејќи Вие со одлуката господа предлагачи веќе сте навлегле во таа сфера на ограничување на цени, во Вашата одлука стои: максимум до редовно комерцијална цена, односно цена за останати маркетинг пораки, реклами и т.н. Значи предлагачот се впуштил во една работа, се впуштил во ограничување на цени. Е сега треба да се прави разлика меѓу приватни и јавни гласила. Вие таа разлика воопшто не сте ја направиле. Јас Ви кажав дека не е прашање за колку проценти ќе биде ова, меѓутоа соодветен процент мора да биде понизок од редовната, бидејќи веќе сте се впуштиле, а не дадовте никакво ниту минимално образложение од кои причини сте се впуштиле веќе во регулирање на цената со одлуката. А од кои причини не ја довршувате работава, односно не правите разлика меѓу приватни радиодифузни претпријатија и јавни претпријатија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор?

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа, јас накратко би сака да кажам дека секој пат кога сакаме да донесеме некои закони, односно Владата на СДСМ кога сака да донесе некои закони, нејзините министри кои ги образложуваат и ги поткрепуваат тие закони секој пат се потпираат на европската регулатива и секој пат тоа е главниот адут или аргумент дека овие закони се во духот и словото на европските повелби. Сега кога Пратеничката група на ЛДП која целиот текст е проткаен и е консултиран од страна на европските трендови и европските начела кои се во оваа сфера, се одбиваат амандманите. Ние поднесовме амандмани и еден дел од тие амандмани се прифати.

Мислам дека, со тоа успеавме во мала мера да го подобриме текстот на овој закон. Ќе бевме посреќни, а Вие уште посреќни ако ги прифативте сите и ќе имавме еден закон кој сигурно ќе Ви беше потребен, откако ќе ги изгубевте овие наредни избори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој  бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (54).

Дали има некој против? (12).

Дали некој се воздржува од гласање? (6).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за правилата за рамноправно медиумско претставување за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија во1998 година.

Ќе продолжиме со работа утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 17,30 часот).